Здружението за истражување, едукација и поддршка Аутизам Институт – Скопје објавува

# П О В И К

## За основни училишта за учество на Обука за сертифицирани TeachSpace обучувачи на тема: „Пристапно и квалитетно дигитално образование за аутизам и интелектуална попреченост“

## во рамките на проектот ISEC-ADE (Пристапно дигитално образование за ученици со аутизам и интелектуална попреченост: Иновативни решенија и зајакнување на компетенциите на едукаторите)

**TeachSpace** е иновативна веб апликација дизајнирана да го револуционализира дигиталното образование, зголемувајќи ја пристапноста за учениците со аутизам и/или интелектуална попреченост.

**Обуката за сертифицирани TeachSpace обучувачи** има за цел да ги зајакне професионалците кои работат со ученици со аутизам и/или интелектуална попреченост со знаења, вештини и компетенции за креирање **пристапни и интерактивни дигитални** образовни содржини користејќи ја алатката TeachSpace.

Детали за програмата за обука:

- Траење: 4 дена (20 часа)
- Локација: Кипар
- Датуми: 21 мај - 24 мај, 2024 година
- Трошоците за обуката се покриени во рамки на ISEC-ADE проектот, поддржан од Еразмус+ програмата на Европската комисија.

Услови и критеруми за учество:

- Номинираниот учесник да биде од редот на наставниците или стручните соработници;
- Активно да го познава англискиот јазик;
- Да има искуство во директна работа со ученик со аутизам и/или интелектуална попреченост;
- Да поседува ентузијазам за совладување и користење иновативни дигитални алатки во образованието;
- Да има можности и желба за самостојна работа т.е. креирање дигитални содржини со алатката TeachSpace;
- Да има демонстрирана способност за дисеминација на стекнатото знаење и вештини;
- Да има можност да спроведе дисеминација на група од најмалку 10 колеги од колективот или локалната заедница;
- Да се обврзе дека во целост ќе ја заврши обуката, како и сите обврски кои произлегуваат од програмата за обука.

Преку оваа програма, учениците со аутизам и/или интелектуална попреченост ќе имаат придобивки од пристапни, индивидуализирани и интерактивни дигитални образовни ресурси. Вклучувањето на училиштата во оваа иницијатива значително ќе придонесе кон унапредување на инклузивната и пристапна образовна околина.

Ве молиме да го пополните формуларот за номинација обезбеден подолу до **петок, 15.03.2024.** [Линк до Формуларот за номинација]

Доколку имате било какви прашања или ви се потребни дополнителни информации, контактирајте не на contact@autisminstitute.eu.

Ко-финансирано од Европска Унија

ISEC - ADE